Трговец: ____________________

Деловно седиште: ____________________

Образец "ЕТУ"

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТРГОВСКИ УСЛУГИ**

| Ред. број | Датум на книжење (ден и месец) | Книговодствен документ | | | Назив на извршени трговски услуги | Износ на вредноста на извршените услуги со ДДВ | Износ ДДВ | Износ на наплатени услуги со колона ДДВ Колона 6+8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на документот | Датум на документот | Назив на документот | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |

печат

____________________

потпис на овластеното лице

---

**1076.**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2004), министерот за економија, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ВРАТА ДО ВРАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на продажба на производи од врата до врата, определени со Одлуката за определување на производите што можат да се продаваат од врата до врата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2004).

Член 2

Трговецот кој е регистриран за вршење трговија на мало од врата до врата, продажбата на производите на мало од врата до врата ја врши со претходна најава и прифаќање на таа продажба од потрошувачот во неговиот дом.

Член 3

Трговецот при најавата ги претставува и дава објаснување за содржината и намената на производите, како и другите услови на продажба.

Член 4

При продажбата на производите од врата до врата трговецот се легитимира кај потрошувачот со идентификациона легитимација, односно за лицето вработено кај трговецот.

Идентификационата легитимација содржи: име и презиме на агентот односно дистрибутерот и фирма и седиште на трговецот, односно име и презиме на вработеното лице кај трговецот.

Идентификационата легитимација за докажување на идентитетот не може да биде постара од шест месеци.

Член 5

При претставување на производите на потрошувачот, трговецот го известува потрошувачот за цената и другите трошоци на производите кои паѓаат на товар на потрошувачот (поштарина и слично).

Условите на продажбата од став 1 на овој член, покрај со директните контакти, трговецот му ги презентира на потрошувачот и писмено.

Член 6

Договорот за продажба од врата до врата ги содржи следните податоци: фирмата, односно името и седиштето на трговецот; име, презиме и адреса на лицето вработено кај трговецот; име, презиме и адреса на потрошувачот; вид, количина, цена и вредност на производите; рок и услови на плаќање; рок и начин на испорака на производите. Во договорот се предвидува и рокот во кој потрошувачот има право да отстапи од договорот.

Член 7

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење продажба на производи од врата до врата и до продажни автомати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/95).

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-3990/3
26 јули 2004 година
Скопје

Министер,
**Стевчо Јакимовски**, с.р.

---

**1077.**

Врз основа на член 24 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97, 40/99, 98/2000, 94/02 и 38/03), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА РАКУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, УРЕДИ И ПОСТРОЈКИ И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на полагање на стручниот испит за вршење на работите на ракување со енергетски објекти, уреди и постројки и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на